ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 01-1792/2
26.06.2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24, член 30 став 1 алинеја 2, став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018) и Правилникот за систематизација на работни места во јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје бр. 02-1347/2 од 08.07.2022, Директорот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 05/2025**

За пополнување на работно место со унапредување на административен службеник во јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје

1. Се објавува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

- **Раководител на Одделение за маркетинг и развој** со шифра на работно место **КДР 01 02 Б04 193 – 1 (еден) извршител**

2. Посебни услови за работното место за нивото Б04 утврдени со Закон за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар – Скопје:

- стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен стручни квалификации - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Политички науки, економски науки, организациони науки и управување (менаџмент)

  за нивото Б4 најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- доказ за положен испит за административно управување,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

3. Потребни општи работни комепетенции на напредно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;

бул.Гоце Делчев бр.14 1000 Скопје
+389 2 3212488; +389 2 3212489;
факс +389 2 3212578;
електронска адреса: info@poc.mk
www.poc.mk

- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

3. Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

На интерниот оглас можат да се јават вработени во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје кои ги исполнуваат општите и посебни услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар – Скопје, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

4. Распоред на работно време
Неделното работно време предвидено за наведената работна позиција е од понеделник до петок со вкупно 40 работни часови.
Дневното работно време е од 08:00 часот до 16:00 часот.
Платата за работното место е во паричен нето износ од 41.306,00 денари.

5. Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса на Секторот за управување со човечки ресурси hr@poc.mk и пополнетата пријава и докази за податоците содржани во пријавата да ја достават преку архивата на јавното претпријатие до Секторот за управување со човечки ресурси.

6. Кандидатите, пријавата со потребните документи треба да ја достават во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на интерниот оглас.

ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

7. Во пријавата канидатите должни се под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

8. Ненавремена, нецелосна и неуредно пополнетата пријава, нема да биде предмет на разгледување.
   Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.

ЈП за јавни паркиралишта
Паркинзи на Општина Центар
Директор

Душко Коцевски

бул.Гоце Делчев бр.14 1000 Скопје
+389 2 3212488; +389 2 3212489;
факс +389 2 3212578;
електронска адреса: info@poc.mk
www.poc.mk

ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

ПРИЈАВА

Интерен оглас број 05/2025

| | |
|---|---|
| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | |
| ЕМБГ | |
| ДАТУМ И МЕСТО НА РАЃАЊЕ | |
| АДРЕСА И МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ | |
| ЕМАИЛ | |
| КОНТАКТ ТЕЛЕФОН | |
| ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | |
| ОРГАНИЗАЦИОНА ЕДИНИЦА | |
| ТЕКОВНО РАБОТНО МЕСТО/ЗВАЊЕ | |
| РАБОТНО ИСКУСТВО | |
| СТРУЧНИ КВАЛИФИКАЦИИ/ВИД НА ОБРАЗОВАНИЕ | |
| Дали ги исполнува општите и посебните услови предвидени во Законот за административни службеници за работното место објавено во Интерниот оглас и кои доукемнти ги приложува како доказ: | |

| | |
|---|---|
| Дали е оценет со оцена А или Б при последното оценување | |
| Датум од последното распоредување на тековното работно место | |
| Дали е изрекувана дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интениот оглас | |
| Обуки | |

Бул.Гоце Делчев бр.14, 1000 Скопје
+389 2 3212488; +389 2 3212489;
факс +389 2 3212578;
електронска адреса: info@poc.mk
www.poc.mk